# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

## ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ


**ВТОР ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ**
**по методика на наставата по религиско образование**


**РУЖИЦА ИЛИЕВ**


# ГРЧКА МИТОЛОГИЈА

**- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД -**


**Штип, април, 2010**

# Комисија за одбрана и оценка

**Ментор: Проф. д-р. Владо Петровски**

**Педагошки факултет**

**Член**

**Член**

# Краток извадок

**Грчката митологија** претставува збир од митови и легенди на античките Грци опфаќајќи ги нивните богови и херои, природата на светот и потеклото и значајноста на нивниот култ и нивните обичаии и обреди. Сите овие нешта биле дел од религијата на Античка Грција.

Денешните научници се осврнуваат и ги проучуваат митовите во обид да откријат повеќе за религиозните и политичките институции во Античка Грција, целокупната цивилизација и да ја разберат природата на самото создавање на митот.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: митови, легенди, богови, херои, култ, антички Грци.**

# Abstract

**Greek mythology** is the body of myths and legends belonging to the ancient Greeks concerning their gods and heroes, the nature of the world, and the origins and significance of their own cult and ritual practices. They were a part of religion in ancient Greece.

Modern scholars refer to the myths and study them in an attempt to throw light on the religious and political institutions of Ancient Greece, its civilization, and to gain understanding of the nature of myth-making itself.[1]



**KEY WORDS:** myths, legends, gods, heroes, ancient Greeks, cult and ritual.

# Содржина

1. Краток извадок. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3
2. Abstract. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4
3. Содржина. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5
4. Вовед. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
5. Цел на истражувањето. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8
6. Античка Грција. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9
7. Митови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11
    - а) Митот за потеклото на светот. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12
    - б) Митови за задгробен живот. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16
    - в) Митот за потеклото на човекот. Прометеј. Пандорината кутија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18
    - г) Митот за четири века. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20
    - д) Митови за хероите. Херакле. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21
    - ѓ) Антеј и Херакле. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 22
    - е) Тесеј. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 23
    - ж) Митот за Едип. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25
    - з) Митот за Аргонаутите. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27

7. Богови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28

- Зевс. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 29
- Хера . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 31
- Артемида . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 31
- Атена. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 32
- Афродита. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
- Арес. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 34
- Аполон . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35
- Демитра . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 36
- Дионис. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 38
- Посејдон . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 39
- Хад . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40

- Хермес . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 41
- Хестија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 41
- Хефест. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 41

8. Сирени. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 42
9. Кентаури. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .43
10. Полубогови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 44
11. Нимфи. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47
12. Класификација на нимфите. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .49
13. Музи. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .51
    - Талија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52
    - Уранија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52
    - Мелпомена. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .53
    - Полихимнија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 53
    - Ерато. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 54
    - Калиопа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .55
    - Клио. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .56
    - Еутерпа. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .56
    - Терпсихора. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 57
14. Заклучок. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58
15. Користена литература . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 59

# Вовед



Историјата не располага со податоци за тоа каде се, и од каде Грците дошле во пределите во кои денес живеат. Исто така и за најстарата религија на Грците нема никакви податоци.

Како систематори и собирачи на грчките религиозни верувања може да се издвојат Хомер и Езиод.

Само во нивните списи ние ја гледаме разработено грчката религија и митологија иако нивните списи повеќе и припаѓаат на поезијата. Но во тоа време не постоела теологијата како наука, во денешна смисла на зборот, па може да се каже дека тие списи во некоја мера ја заменуваат теологијата.

Грчката митологија има голема колекција приказни прикажани во реалистични уметности, како што се сликање на вазни и заветни подароци.

Грчките митови го објаснуваат потеклото на светот и во детали ги опишуваат животите и авантурите на мноштво богови, божици, херои, хероини и други митолошки суштества. Овие вредности отпрвин биле распространети низ усна традиција, а денес грчките митови пред сѐ се познати од грчка литература.

# Цел на истражувањето

Во ошти црти кажано, целта е да ја објасниме религијата на старите Грци и поодблизу да се запознаеме со неа.

Грчката религија е политеистичка. Грците своите богови ги замислувале во човечки облик, со сите човечки особини и мани. Единствено различно е тоа што тие не старееле и што биле помоќни од луѓето.

Тие, според верувањето на Грците, живееле ист живот како и луѓето. Се женеле, се карале, се тепале, се лажеле помеѓу себе, блудничеле на сите можни начини, своите љубимци ги штителе а другите ги прогонувале и, воопшто, во сѐ се однесувале како луѓето, само со многу поголема сила, моќ, мудрост и убавина.

Боговите можеле на себе да примат разен облик на изглед, да се невидливи, да се движат брзо во воздухот и слично.

За разлика од луѓето, боговите се хранеле со амброзија и пиеле нектар, па затоа во нивните вени не течела крв, туку посебна течност.[1]

Освен во богови, старите Грци верувале и во постоење на многу други, но, според ранг, пониски од боговите, а поголеми од луѓето, како што се нимфите, музи, сатири, духови, демони и друго.

---

[1] Д. Меизис, История религий, *Очеркъ нервобитиихь върований и характеръ великихъ религиозних систем,* Перводъ съ англиски М. Чениискоj, С.Петербургъ, 1905, 211-212

# Античка Грција

Терминот **Античка Грција** се однесува на делот од грчката историја кој траел од Грчкото Темно Доба (околу 1100 п.н.е.) и инвазијата на Дорците, до 146 п.н.е. и римското освојување на Грција по битката кај Коринт.

Општо прифатено е дека античко-грчката култура ја претставува самата основа на културите на Западните цивилизации. Грчката култура имала големо влијание над Римската Империја, која пренела различни верзии од неа во многу делови од Европа.

Цивилизацијата на античките Грци извршила големо влијание на јазикот, политиката, образовните системи, философијата, науката и уметностите, учествувајќи во подемот на Ренесансата во Западна Европа, и во различните нео-класични оживувања во XVIII и XIX век, во Европа и Америка.

Олимп (грч. **Ὄλυμπος**, *Olympos*), е планина во Грција на која, според грчката митологија, живеат боговите. Олимп е најголема планина во Грција, висока е 2917м, а се наоѓа во Тесалија.

Во грчката митологија, Олимп е дом на дванаесетте богови: Зевс, Хера, Посејдон, Арес, Хермес, Хефес, Афродита, Атина, Аполон и Артемида, кои отсекогаш живееле на Олимп. Богови никогаш немало повеќе од дванаесет, но се менувале како на пример: Деметра, Дионис, Хад и Персефона.

Кога Геа ги родила Титаните, биле користени грчките планини како престоли затоа што биле огромни, а само Хронос седел на Олимп.

Грците сметале дека на влезот на Олимп биле големите врати од облаци. Палатата била изградена од Титаните и Киклопите, а

уметничките работи ги исковал Хефес.

Одаите на Зевс и Хера биле на јужниот крај на Олимп и оттаму можеле да гледаат на Атина, Теба, Спарта, Коринт и Микена. На северната страна која гледала према Македонија, се наоѓала кујна, простории за гозба, оружарница и работилница. Во средината живееле останатите богови.

Постоеле и други простории за преостанатите божества, исто така и зоолошки градини, каде боговите ги чувале своите свети животни. Внатре во Олимп боговите живееле, спиеле, суделе, а се хранеле со амброзија и нектар, додека Аполон ги забавувал свирејќи на лира.

# Митови

1. Митот за потеклото на светот
2. Митови за задгробен живот
3. Митот за потеклото на човекот. Прометеј
4. Митот за четири века
5. Митови за хероите. Херакле
6. Антеј и Херакле
7. Тесеј
8. Митот за Едип
9. Митот за Аргонаутите

# Митот за потеклото на светот

Според овој мит, во почетокот немало посебно земјиште, вода и небо.  Сè било измешано и владеел хаос. Потоа биле разделени од хаосот божицата Геа (Земјата) и богот Уран (небо).







Оваа божица Геа (Земјата), родила неколку гиганти или титани. Уран, плашејќи се дека неговите деца ќе се расправаат за власта, ги затворил титаните во подземна длабока клисура.

Еден од нив, Хронос (време), успеал да побегне од бездната и да ги ослободи и преостанатите титани. Геа му помогнала да ја зграби власта на татко си и станал господар на светот.

Но, Хронос мечтаел засекогаш да остане да владее со светот, но бидејќи го прогонил од владеачкиот трон својот татко Уран, за да ја земе од него власта, постојано се плашел да не се случи некој од неговите

синови, да го направи истото и со него.

За да се спаси од нив смислува едно грозно решение, секогаш кога ќе му се родело дете тој го голтнувал, и бидејќи и тие биле бесмртни живееле во неговиот стомак.

Неговата сопруга Реја, пак, сакала дете и кога го родила Зевс му подметнала камен да голтне, а Зевс го однела на една планина на островот Крит.

Таму пораснал Зевс, а по некое време дошол и му кажал на Хронос дека му е син, но дека нема да го убие само да му ги даде браќата. Така Зевс ги добил своите одамна пораснати браќа Посејдон и Хадес.

Кога дошло време Хронос, пак, исто така бил соборен од власт, по жестоки борби, помеѓу титаните и неговите деца во која победуваат неговите деца, а неговиот син Зевс, станува врховен бог и господар на светот.

Титаните се од лозата на Уран и Геа. Ги има во повеке степени. Ние ќе го претставиме само првиот степен:

- Феба – божица на Месецот
- Хиперион – бог на Сонцето
- Кеј – бил фрлен во Гирос
- Криј – сопруг на Еурибина
- Крон – втор владетел после Уран
- Мнемозина – мајка на деветте музи
- Јапет – фрлен е во Тартар
- Океан – бог на морето и најсилен Титан, кој ги создал реките и целата вода.
- Реа – кралица на боговите
- Теа – божица на светлината
- Темида – божица на праведноста и редот

- Тетија – божица наморето

**Феба** ( грч. Φοίϐη, *Phoíbê*), нејзини родители се Уран, татко-небо и Геа, мајка-земја. Феба е Титан. Таа со својот маж и брат Кеј ги има децата Лето и Астерија, а нејзини внуци се Аполон и Артемида. Феба управува и со пророштвото во Делфи, а тоа и го доверила Темида.

**Хиперон** (грч. Ὑπερίων, Hyperíôn), бог на светлината. Тој не е важен бог, но е поврзан затоа што е Титан и син на Уран и Геа. Тој прв го има разбрано движењето на Сонцето, Месецот и ѕвездите.

**Криј** – господин (грч. *Κρίος*, *Kríos*), титан син на Уран и Геа, и е заштитник на ѕвездите. Кријевиот брат Креон го тргнал Уран со кастрирање. Во текот на ноќта, Криј и останатите машки Титани, освен Океан, стражареле на разни страни на светот. Криј бил на југ, а Креон на средината на светот и го кастрирал Уран.

Кога станал крал на светот, Титаните помеѓу себе се венчале. Криј се оженил со Еурибија, своја полусестра, и имал три деца. Криј се бори против боговите и загубува, па затоа е фрлен во подземјето. Таму го фрла Зевс. Криј е поврзан со својот брат, Титанот Хиперион, кој е бог на небесните тела.

**Крон** или **Хронос** или **Хрон** или **Кронос** (грч. *Κρόνος*, *Krónos*) е бог на жетвата. Тој е бог на семето. Се помешува со богот на времето Крон кој настанува од Хаосот. Во Атина на дванаесетиот ден секој месец се одржува фестивал во чест на Крон.

**Мемнозина** (грч. *Μνημοσύνη*, *Mnêmosúnê*), божица е на помнењето и мајка на Музите, ќерка е на Уран и Геа. Реката во Адот е наречена според неа. Исто така таа е и една од жените на Зевс. Тој спиел со неа девет ноќи и така ги создал деветте Музи.

Во Адот има две реки, Лето и Мемнозина. Мртвите души пијат од Лето за да не се сеќаваат на своите минати животи, а кој пие од

Мемнозина се сеќава на сè и знае сè.

**Јапет** (грч. *Ἰαπετός*, *Iapetós*), тој е предок на луѓето, а по него е наречен Сатурновиот месец Јапет.

Јапет е мистериозен бог, многу малку се спомнува. Негова жена е божицата Климена а нивни дца се Атлас, Прометеј, Епиметеј и Менетиј. Се зборува дека кога Уран ги затворил Киклопите во подземјето, Геа се налутила и им наредила на Титаните да го кастрираат татко им. Јапет чувал стража додека Крон ја завршувал зададената работа. Јапетовиот син Прометеј се смета за создател на лугето, а со тоа и на Грците.

**Океан** (грч. *Ὠκεανός*, *Okeanos*), бог на морето, титан, од неговото име произлегува и името океан. Тој е најстар Титан, негова жена е Тетија, тие двајца ја одгледале Кроновата и на Реја ќерката Хера, а своја внука. Освен Хера тие имаат многу деца реки, езера, фонтани, облаци, како и морските нимфи.

Во почетокот Океан владеел со сета вода, но подоцна власта ја препуштил на Посејдон. Претставен е како силен маж со долга брада и рогови, а долниот дел на телото во вид на змија. Домот на Океан е на крајот на светот.

**Реа** или **Реја** (грч. Ῥέα, Rea), нејзин знак е Месец, животно и е лав, а името и значи извор. Нејзин маж е Крон, а деца Деметра, Хера, Ад, Посејдон, Зевс. Крон ги изел сите деца освен Посејдон и Зевс. Реа го сокрила Зевс во пештера, а кога пораснал Зевс го убил својот татко и станал крал, а својата мајка ја поштедил.

**Теа** (грч. *Θεία*, *Theía*; *Θέα*, *Théa*; *Αἴθρα*, *Aíthra*), ја нарекуваат и сјајна. Таа е божица на видот и светлината како и на небото. Нејзиниот брат Хиперион и е маж, а нивни деца се: Сонцето, Месецот и Зората.

**Темида** (грч. *Θέμις*, *Thémis*), божица на праведноста, а значи и закон на природата како и ред. Таа не е осветољубива туку нежна и

мила, Темида го одржува редот и мирот во светот, а ја прикажуваат со вага во раката. Темида е втора Зевсова жена, и имаат две деца.

**Тетија** (грч. **Τηθύς**, *Têthýs*), таа со својот брат и маж Океан имаат многу деца родители се на океанските нимфи, кои ги има 3000, а и на сите реки, езера, фонтани.

# Митови за задгробниот живот: Сизиф и Тантал

Грците имаат многу митови за задгробниот живот. Овие се познати митови за Сизиф и Тантал.

Сизиф бил најмудриот и најпознат итар човек во Коринт. Поради многуте работи кои тој ги направил за луѓето, давајќи им информации за боговите, тој е осуден од страна на Зевс да турка на нагорнина огромен камен.

Штом каменот достигнел до врвот, тој паѓал повторно во подножјето од каде што почнувал повторно да го турка нагоре, ("сизифовски труд").



Танталовите маки се должи исто така на многу работи (вклучувајќи кражби и откривање на тајната за амброзијата на обичните луѓе).

Првпат Тантал го навлекол гневот кај Зевс кога го зел златното куче да го чува кај себе, а го украл од островот Крит од светилиштето на

Зевс ефескиот крал Пандареј.

Втората грешка која Тантал ја направил спрема боговите не можела никако да се опрости. Имено тој ги повикал кај себе сите богови на гозба, а како јадење им го послужил својот син Пелопс, кој го убил и како зготвено јадење им го послужил, за да провери дали боговите знаат и гледаат сѐ.

Тој е фрлен во подземниот свет по казна за своите дела. Казнет е жеден да стои во чиста, езерска вода која можела да се повлече веднаш штом тој ќе се обидел да се напие, а плодот што висел над неговата глава се поткревал штом тој ќе се обидел да го земе.



# Митот за потеклото на човекот. Прометеј. Пандорината кутија

Најстарите верувања од Грците е дека се претпоставувa дека луѓето, како растенија, едноставно излегле од земјата. Со текот на времето ги отфрлиле ваквите наивни разбирања за да прифатат за тоа дека Титанот Хефес поради Прометеј, а по наредба на Зевс, го создаде човекот од глина, кому Атена му даде живот и душа.

Првите луѓе биле немоќни, но Прометеј бил заштитник и им помагал. Тој го украл огнот од Зевс и го дал на народот. Го фатил дивиот бик и им го дал на луѓето и ги научил како да припитомуваат животни и да ги користат да ораат, да се подигнат да не живеат како животните во пештерите.

Конечно, тој им предава на луѓето како да се обработува земјата, да наоѓаат бакар, железо и други метали. Поради сите овие причини, а особено за кражбата на огнот, предизвикал гнев кај Зевс.

По наредба на Зевс, Прометеј бил окован со железни синџири и далеку од Кавказ на непристапни карпи, еден орел слетувал еднаш дневно и му го колвал џигерот. Но, во текот на ноќта тој зараснувал се до наредното утро, кога повторно орелот слетувал и повторно го колвел. И покрај тие маќи, Прометеј сето тоа го поднесувал без офкање.

Така останал многу години, се додека јунакот Херкул херојски не

го ослободил и го убил орелот и така бил ослободен пријателот на луѓето. Казнувањето на Прометеј било лесно, но Зевс исто така сакал да ги казни и луѓето, и на чуден начин ги казнува.

Му наредува на ковачот Хефес да направи жена од глина. Кога била направена ги повикал сите богови да и дадат дарба, била многу совршена во секој поглед, убава, умна, учена, музикална, а самиот тој и дал живот и ја нарекол Пандора.

И му ја дал за жена на братот на Прометеј, Епиметеј. Тие живееле среќно и весело, се додека еден ден Зевс не им испратил една кутија. Пандора била толку љубопитна и сакала да ја отвори, но Епиметеј не сакал, па кога останала сама дома ја отворила, а внатре биле заклучени сите проблеми и несреќи на луѓето. Пандора кога сфатила што направила - се покајала. Но, сепак останала надежта како последна за да ги лекува и теши луѓето.

# Митот за четири века

Грците со мит го објаснуваат развојот на човечките катастрофи. Според традицијата, сите луѓе биле среќни кога владеел Хронос. Тоа било златното доба. Но, малку по малку и мирот помеѓу луѓето бил поткопан. Тие почнале да бидат зависни едни на други, меѓу нив често имале расправии, а се соочувале и со спорови и така - била формирана Сребреното доба.

После тоа, тоа доба преминува во бакарна доба, кога луѓето научиле како да се користи оружјето и како безмилосно да се истребат во војните.

Конечно, доаѓа најлошиот живот - железното време, кога исчезнала правдата од лицето на земјата. Луѓе се заблудени еден на друг, ограбувале и убивале. Така грчкиот мит го објаснува постоењето на несреќата и страдањето во животот и социјалниот развој.

# Митови за хероите. Херакле

Меѓу многуте легенди за античките Грци издвоени се и митовите за полубоговите, кои Грците ги нарекуваат хeрои. На херојот му се припишуваат натчовечки физички сили, или посебен ум и агилност. Тие убиваат сѐ: чудовишта, животни и силеции кои се мешаат со нормалниот и мирен живот.

Херакле го убива хидра



Кај Грците најмногу се зборува за необичните подвизи на Херакле (Херкулес), кој е еден вид грчки национален херој.

Херакле го убива "Серберус"



Во текот на нивните талкања од Шпанија до Кавказ се скршила бариерата коишто ги одделувале Медитеранот од Атлантскиот Океан, еден од камењата е фрлен на шпанската страна, додека вториот дел на Африка.

Значи станува збор за теснецот на Гибралтар, кој Грците го нарекуваат "Столбовите на Херкул".

# Антеј и Херакле (Херкул)

Во Либија, Херкул се сретна со својот познат јунак Антеј. Според традицијата, тој е син на Посејдон, богот на морето, а син и на божицата земја. Секогаш кога Антеј се борел со противникот и ќе влезел во многу тешка позиција, тој се допирал до земјата, и добивал нова сила, неговата мајка му помагала, и станувал непобедлив. Но, на Антеј тоа му била слаба страна - тој бил секогаш во опасност кога не бил во допир со земјата, неговата мајка не можела да му дава сила.

Токму тоа е она што Херкулес го користи кога се бори со Антеј – Херкулес го носи подалеку од земјата и го носи во морето, каде го подига и го дави.

По многу подвизи, Зевс го носи и Херкул на небесата и му дава место и на него како и на боговите.

# Тезеј

Главниот лик на Атика и Атина е Тезеј, син на кралот Егеј. Тој е познат како Херакле, бидејќи тој направи многу херојски дела.

Прво од неговите херојски дела е давењето со голи раце на Перифет синот на ковачот Хефест. Потоа го убива злосторникот Синид, кој ги убивал сите ненамерни патници кои поминувале од таму. Тој ги убивал со кипарис на тој начин што ги свиткувал кипарисите до земја и ја врзувал едната нога на патникот за едниот кипарис, а другата за другиот. Потоа ги пуштал кипарисите и тие го раскинувале човекот. На ист начин и Тезеј го убива Синид.

Потоа го убива Прокруст, тој ги намамувал патниците кај него дома на спиење во чудниот кревет, а потоа доклолку биле подолги од креветот им ги сечел нозете, а доколку биле пократки им ги тегнел се додека не умреле.

Најважниот дел од херојства на Тезеј, сепак, е ослободувањето на земјата од Критскиот владетел Минос и неговата тешка почит. Таа се состои од тоа што секоја година градот на божицата Атина мораа да испрати седум девојки и седум момчиња, кои потоа се предаваат на Минотаурот да ги изеде. Тоа било чудовиште со телото на маж и на бик, кој живеел во замокот со многу одаи т.н.. Лавиринт, од кој тешко можело да се излезе надвор. Тезеј, сепак, успева да го убие Минотаурот и да излезе од тој лавиринт.

Во ова многу му помогна Аријадна, ќерката на кралот Минос, која го засакала Тезеј и му дала клопче со конец кое на влезот на лавиринтот треба да го врзи едниот крај и да влезе внатре, го пронаоѓа Минотаурот и го убива, а потоа се враќа назад по клопчето. Во рамките на подготовките за овој подвиг, Тезеј му изјавил на неговиот татко дека, ако сѐ заврши добро, ќе рашири бели едра на бродот, а во случај на неуспех или несреќа – на бродот ќе бидат оставени црните едра.

Маѓепсан од успехот, на враќањето во Атина,Тезеј заборавив да ги замени црните едра со бели, и тој заминал со црни едра. Егеј со нетрпение чекал за бродот на брегот, и кога ги видел црните едра, мислејќи дека Тезеј е мртов, од очај се фрлил во морето. Од тоа време, според традицијата, морето е наречено Егејското Море.

# Митот за Едип

Во Атика Грците сакале да си прераскажуваат за митот на Едип, кој пораснал во една чудна земја и не знаел за неговите родители.

Со самото негово раѓање на него е фрлена клетва, а таа била кога ќе порасне да се ожени со сопствената мајка и да го убие сопствениот татко, по што е добиен терминот „Едипов комплекс“. Трудејќи се да ја отфрли тоа клетва неговиот татко наредува да го убијат, но слугата се сожалил на него и го оставил да живее. Така тој достигнал дури да биде син на друг цар кој со неговата жена го посвоил. Но, кога пораснал Едип дознал за своето проклетство и одлучува да отиде во татковото царство во Теба.

Откако одел на пат кон Теба се сретнал со еден стар човек, кој не сакал да се потргне од патот. Тој со него се соочува и го убива и него и неговите слуги. Само еден слуга за да се спаси избегал. Старецот кого го убил кој бил негов татко, но Едип не го знаел тоа.

Кога Едип пристигнал во Теба, а градот се наоѓа на карпа, таму живееле едно страшно чудовиште – полу – лав – Сфинкс, а половина жена. Тоа им поставувало загатки на секој минувач, а тие требало да ја решат загатката, и кој не би успеал, таа го убивала. Едип се одлучил да ги ослободи Тебанците од ова чудовиште. Сите го знаеле тоа дека Сфингата ќе го погуби секој кој нема да ја погоди нејзината загатка.

Загатката Сфингата ја имала научено или некоја Муза или од самиот крал Лај, кој ја има поучено на загатките и пророштвата на Делфи. Споменатата загатка ќе стане постојано спомнувана во подоцнежните преданија, а според некои извори постои и уште една загатка, „ Две се сестри: едната ја раѓа другата, а другата првата“. Одговорот е ден и ноќ. Но сепак ние ќе се задржиме на првата и за тоа како Едип ја решил.

Кога Едип пришол, таа го прешала: „ Кој наутро оди на четири,

преку денот на две, а во вечерните часови на три нозе?“ Едип ја решил загатката, а одговорот на ова е: секој човек како бебе лазе на сите четири нозе, кога ќе порасне и е свој човек оди на две, а во длабоката старост користи бастун и оди на три. Кога Сфингата го слушна одговорот, паднала од карпата и умрела.

Како признание и благодарност Тебанците го направиле Едип крал, а му ја дале и Јоакаста вдовицата на Лај за жена. Всушност неговата мајка му станува жена. Оваа трагедија е показател дека од судбината не може да се побегне, затоа што иако Едип се трудел да го избегне тоа го сепак достигнало.



Едип и Сфингата

# Митот за Аргонаутите

Во антички времиња, кралот Пелиј, сакајќи да го задржи кралството за себе, а не да му го отстапи на својот внук, тесалискиот херој Јоазон, тој го испраќа со бродот "Арго" што значи брз, надмоќен, заедно со сите херои на Грција во далечна земја во Колхида, за да го донесат златното руно оттаму. Тоа било волшебно руно од Овен. Тоа висело на едно дрво, и било чувано од еден страшен змеј. Хероите биле наречени Аргонаути и тие морале да поминат различни пречки на патот кон златното руно како и враќањето во својата земја. Во овој мит се покажува маката и тешкотиите низ кои поминувале грчките аргонаути, кои тргнале во далечните земји во потрага по златното руно и други благородни стоки.

Џејсон и златното руно



Бродот арго



Арго коридор одстрана погледнат



# Богови

Грците се единствен антички народ кој не се плашел со фина и директна иронија да покажат дека боговите ги создале луѓето, а не обратно и дека боговите постојат за луѓето, а не луѓето за боговите. Сега ќе ги спомнеме позначајните грчки богови

- Зевс (старогрчки: Ζεύς) бил врховен бог, исто така познат како Диас (грчки: Δίας), и бог на молњата.
- Хера (старогрчки: Ἥρα), сопругата на Зевс, била врховна божица и божица на бракот.
- Артемида (старогрчки: Ἄρτεμις), божица на ловот.
- Атена (старогрчки: Ἀθηνᾶ) била божица на мудроста.
- Афродита (старогрчки: Ἀφροδίτη) била божица на убавината.
- Арес (старогрчки: ῎Αρης) бил бог на војната. Тој бил најстариот син на Зевс и Хера. Најчесто е опишуван како многу силен. Аресов пандан во римската митологија е Марс. Неговото име во превод од грчки значи „уништување“, што го прикажува него како „уништувач“.
- Аполон (старогрчки: Απόλλων) бил бог на сонцето и музиката.
- Демитра (старогрчки: Δημήτηρ) била божица на земјоделството.
- Дионис (старогрчки: Διώνυσος или Διόνυσος) бил бог на виното.
- Посејдон (старогрчки: Ποσειδῶν) бил бог на морето.
- Хад (старогрчки: ᾍδης) бил бог на подземниот свет.
- Хермес (старогрчки: Ἑρμῆς) бил бог на уметноста, трговијата и литературата. Тој исто така бил и гласник на боговите.
- Хестија (старогрчки: Ἑστία) била божица на срцето во старогрчката митологија.
- Хефест (старогрчки: Ἥφαιστος) бил бог на ковачката вештина во старогрчката митологија.[2]

[2] Hamilton, Edith, *Mythology* (1998 издание). New York, 1942, 467.

# Зевс



*Jupiter de Smyrne*, откриена во Смирна во 1680

## Крал на боговите

## Бог на Небото и Громот

| | |
|---|---|
| **Дом** | Олимп |
| **Симбол** | Гром, орел, вол и даб |
| **Придружник** | Хера |
| **Родители** | Крон и Риа |
| **Браќа и сестри** | Посејдон, Хад, Деметра, Хестија, Хера |
| **Деца** | Арес, Атена, Аполон, Артемида, Афродита, Дионис, Хеба, Хермес, Херкул, Елена од Троја, Хефест, Персеј, Минос, Музите |
| **Планина** | Олимп |
| **Римски еквивалент** | Јупитер |

Во грчката митологија, **Зевс** е крал на боговите, владетел на планината Олимп и бог на небото и громот. Негови симболи се громот, орелот, волот и дабот. Поради неговото индо-европско наследство,

доведува до одредени иконографски особини од културите на Древниот Близок Исток, како на пример жезлото.

Зевс е често прикажуван од грчки уметници во една од двете пози: стоејќи, исчекорено нанапред, со гром во неговата подигната десна рака или седнат на престол.

Зевс бил дете на Крон и Риа, а и бил најмлад од своите браќа и сестри. Во повеќето традиции тој е оженет со Хера, иако, кај пророкот на Додон, негова придружничка е Диона: според Илијада, Афродита е негова ќерка од Диона.

Познат е по своите еротски лудории. Ова се резултирало во многу боженствени и херојски потомци, вклучувајќи ги Атена, Аполон и Артемида, Хермес, Персефона (од Деметра), Дионис, Персеј, Херакле, Елена од Троја, Минос и Музите (од Мнемосина); што се однесува до деца кои ги имал со Хера, најчесто се вбројуваат Арес, Хеба и Хефест.[2]

На грчки, името на богот е Ζεύς *Zeús* /zdeús/ или /dzeús/ (на модерно грчки /'zefs/) во номинатив и Διός *Diós* во генитив. Негов римски еквивалент бил Јупитер, а етрурски, Тиниј. Во хинду митологијата негов еквивалент е богот Индра, со оружје слично на громот, кое тој можел да го држи како стап. [3]

---

[3] http://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%97%D0%B5%D0%B2%D1%81“

# Хера

**Хера** (старогрчки: **Ἥρα**) била божица на бракот, земјата и на небото во старогрчката митологија. Исто така таа била и жена на врховниот грчки Бог Зевс и мајка на Арес, Хеба и Хефест.

Таа седела десно од Зевс и му давала секакви совети, што да прави и што да не прави

# Артемида

**Артемида** (старогрчки: **Ἀρτεμις**) била божица на ловот, животните и месечината во старогрчката митологија. Таа била ќерка на богот Зевс и сестра близначка на богот на сонцето - Аполон. Една е од ретките божици која не се омажила. Нејзината главна занимација бил ловот.

Уметниците најчесто ја претставувале со лак и стрела, во друштво на различни животни (лав, тигар, лебед и елен).

Нејзин пандан во римската митологија е божицата Дијана, додека во етрурската митологија таа се викала Артуме.

Свети симболи на божицата Артемида биле еленот и дрвото кипарис.



# Атена

Во грчкта митологија, **Атена** (грчки: **Ἀθηνᾶ**, *Athēnâ*, или Ἀθήνη, *Athénē*; дорски: Ἀσάνα, *Asána*; латински: *Минерва*), била божица на цивилизацијата, т.е. на мудрост, ткаењето, занаетот и дисциплинарните страни на војната (насилството и крволочноста биле Аресов домен). Атинината мудрост го следи техничкото знаење потребно во ткаењето, металургијата, но истотака вклучува и лукавост (*метис*) на ликови како што е Одисеј. Неа свети и се утовите и маслиновото дрво.

Првите приказни за Атини зборуваат за неа како божица на птиците. Првобитно е замишлена како божица со крилја, а дури и во некои митови и самата била птица – ут, па затоа не е чудно што подоцна во митовите, нејзините пораки доаѓаат преку орли, соколи и сл.

Таа уште се нарекува и Палада. Под нејзина заштита стоеле сите човечки дела и подвизи кои барале смелост и мудрост.

Римјаните ја нарекувале Минерва.

Најдобра пријателка и е Ника, божица на победата. Атина се појавува како заштитничка на многу грчки јунаци вклучувајќи го Херакле, Одисеј и Јасон. Таа е и омилена Зевсова ќерка, родена од неговата глава.



# Афродита

**Афродита** (старогрчки: **Ἀφροδίτη**) била божица на љубовта, страста и убавината. Традиционалната етимологија името на Афродита го поврзува со грчкиот збор ***aphros*** = „пена“. Афродита е „родена во морската пена“. Веројатно името е од феникијско потекло.

Според една верзија се смета дека била ќерка на богот Зевс и Диона, а според друга таа била родена од морската пена. Му била жена на тромавиот Хефест и мајка на тројанскиот јунак Енеј. На свадбата на Пелеј и Тетида (родителите на Ахил) биле поканети сите богови и божици освен Ерида (божица на неслогата).

Поради тага, Ерида многу се налутила и непоканета отишла на свадбата и меѓу божиците фрлила златно јаболко на кое било напишано „За најубавата“.

Божиците Хера, Атина и Афродита, сметајќи секоја дека е најубава, се фрлиле по јаболкото и се скарале. Зевс тогаш им наредил да одат кај младиот јунак Парис, кој требал да пресуди која од нив е најубава. Хера му ветила оромно богатство и власт, Атина мудрост и слава, а Афродита му ја ветила најубавата жена. Парис тогаш ѝ го фрлил јаболкото на Афродита. Со нејзина помош Парис ја одвел Елена во Троја и тоа било причина за тројанската војна.

Исто така, била наречена Киприс или Китерка, според двете места во кои се тврди дека била родена (островите Китера и Кипар). Животни посветени во нејзина чест се врапчето, гулабот и лебедот.





# Арес

**Арес** (старогрчки: **Ἄρης**) бил бог на војната во старогрчката митологија.Тој бил најстариот син на Зевс и Хера, постојано следен од неговите синови **Страв** и **Ужас**. Најчесто е опишуван како многу силен и јак.

Тој бил прочуен воин кој чуствувал огромна радост кога некаде ќе избувнувала војна. Неговото име во превод од грчки значи „уништување„ што го прикажува него како „уништувач„. Боговите го мразат, а особено Атина.

Етимологијата на неговото име е традиционално поврзано со Грчкиот збор *ἀρή* (аре) јонската форма од дорската *ἀρά* (ара) „Несреќа, Катастрофа “. Има некаква врска и со Римскиот бог на војната Марс.

. Арес е важен Олимписки Бог во епската традиција во Илјадата.

Епитетите на богот Арес

- **Brotoloigos** (*Βροτολοιγός*, Уништувачот на луѓе)
- **Andreiphontês** (*Ανδρειφοντης*, Убиецот на луѓе)
- **Miaiphonos** (*Μιαιφόνος*, Оној кој е извалкан со крв)
- **Teikhesiplêtês** (*Τειχεσιπλήτης*, Оној кој ги прескокнува ѕидините)
- **Maleros** (*Μαλερός*, Бруталeн)

Аресов пандан во римската митологија е Марс



# Аполон

**Аполон** (старогрчки: **Απόλλων**) во старогрчката митологија, а подоцна и во римската бил еден од главните божества на Олимп, заштитник на земјата, пролетта, ловот, младината, музиката, поезијата, танцот, морето, светлоста и сонцето, предводник на музите.

За неговото раѓање постојат повеќе варијанти, а најчестата е онаа според која тој е син на Зевс и Лета, брат близнак на божицата Артемида.

Митот раскажува дека Аполон и Артемида биле плод од вонбрачната врска на Зевс и Лета и кога божицата Ера разбрала за тоа, многу се налутила и сакајќи да ѝ се одмазди на Лета, ѝ забранила да ги роди на било која земја, било тоа континент или остров.

Очајна, Лета талкала сѐ додека не стигнала до островот Дело кој, согласно митот, не бил целосно спуштен на тлото и така токму таму Лета можела да го роди Аполон. Култот кон богот Аполон се негувал во бројни места во грчкиот и римскиот свет од кои најпознатото е секако Делфи.

За разлика од другите божества кои имале соодветни еквиваленти во римската митологија, овој бог бил директно преземен од Старите Грци. Така на пример, за време на Втора Пунска војна, биле воведени

олимписки игри во чест на богот Аполон, а култот бил засилен во времето на императорот Август кој за да ја зацврсти власта, тврдел дека води потекло толку од Аполон.

Во етруската митологија можно е да се најде некоја врска меѓу Аполон и етрурскиот бог на громовите, Аплу или Апуло. Сепак, сè уште не е сосем јасно дали Етрурците го презеле тој бог од грчката митологија.



# Деметра

**Деметра** (гр. Δημήτηρ) е грчка божица на земјоделието и на новиот живот, чувар на бракот и на свештениот сојуз. Таа била многу почитувана уште пред Олимписките богови.Таа е една од 12 богови кои живееле на планината Олимп. Таа е ќерка на Кронос и Реја, а мајка на Персефона, која покасно пак станала жена на Хадес.

Во покасната античност, култот со Димитра се сврзува со оној на Кибела. Древните грци Диметра ја гледале во созвездието Дева.





Враќањето на Персефона

Диметра го научила народот на земјоделие. Таа ја дала на Триптолем пченицата.

Во Римската митологија таа е позната како Церера.

Обично оваа божица била прикажувана како жито, а најомилена птица и била штркот. Истотака, многу често таа била прикажувана на кочија.

Деметра на Зевс му родила ќерка, Персефона. Според митот, кога таа си играла на ливадата со нимфите земјата одеднаш се отворила и се појавил богот Хад, кој ја присфоил за себе.

Хад бил многу вљубен во неа, и не сакал да ја пушти од подземниот свет. За тоа време Димитра го слушнала плачот на својата ќерка и побрзала да ја извлече од оваа ситуација но во тоа не успеала. Диметрија лутала низ светот девет дена без храна и вода, сѐ додека Хелиј не и открил што се случило со нејзината ќерка. Несреќната мајка отишла на планината Олимп и побарала помош од Зевс.

За ова време, Хад се оженил со Персефона. Диметра за тоа време се вратила во својот храм во Елеузинаи, и на светот настапила голема

неплодност на плодовите кое довело и до голема катастрофа како за лугето така и за боговите.

Тогаш Зевс одлучил дека е потребно да се смеша во проблемот па одлучил третина години да живее во подземниот свет со Хад, а остатокот на земјата. Кога Персефона била во подземниот свет, настапувала неплодноста, а кога била на земјата приородата разеленувала со прекрасните цвекиња. Така настанале и годишните времиња.

Диметра на Триптолем, син на кралот Келеј, го научила како да ги разработува билките, како знак на благодарност за тоа што неговите родители за време додека таа тагувала за нејзината ќерка тие ја прибрале во својот дом, но не знаеле дека таа е всушност божица. Таа му поклонила зрно жито и го научила како да ја обработува својата земја.

# Дионис



*Баханалии*

**Дионис** (старогрчки: **Διώνυσος** или **Διόνυσος**) бил бог на виното во старогрчката митологија. Во древниот Рим е познат под името **Бахкус, Либер.**

# Посејдон

**Посејдон** (старогрчки: **Ποσειδῶν**) бил бог на морето во старогрчката митологија.

Негов пандан во римската митологија е богот Нептун.



Господар на морето е Посејдон, син на Крон и Реја, а брат на Зевс и Ад со кои ја поделил власта на светот. Со својот трозабец ги удира брановите, и ја потресува целата земја. Тој е многу лут бог.

Длабоко во брановите стои неговата кристална палата Его. Со својата којнска запрега се вози преку морските бранови на површината на морето, а околу него си играат морските божества.негова жена е прекрасната Амфитритија.

Нивни син е Тритон, моќен морски бог со човечки горен дел на телото, а со рибја опашка. Посејдон се смета за создател на коњот, кој му е посветен, освен тоа посветени му се и бикот и омориката.

Океан е најстар помеѓу Титаните, господарот на големите светски реки, кои ја опкружуваат земјата и морето, а се вика океан. Тој чесен старец, живее со својата возвишена жена Тетија тивко и повлечено во својата палата на крајот на Земјата. Има илјадници синови – речни богови, а исто толку и ќерки – Океаниди.

# Хад

**Хад** (или Ад) (старогрчки: **ᾍδης**) бил бог на подземниот свет во старогрчката митологија, син на титанот Крон и Реа. Негова сопруга била Персефона.

Заедно со браќата Зевс и Посејдон го сочинувал тројството на најголеми грчки богови. Кога браќата му го одзеле тронот на таткото Хрон, ја поделиле власта. На Зевс му припаднала власта над небото и земјата. Посејдон ја добил власта над морето, а Хад станал владатер на подземниот свет.

Негов еквивалент во римската митологија е богот Плутон.

**Хад, Ад** или **Плутон**, син на Крон и Реа, е господар на подземниот мртов свет, строг, неуморлив бог, непријател на секој живот и затоа ги мрази боговите и луѓето, од неговите ужасни пустоши нема враќање.

До него стои неговата чесна жена Персефона, ќерка на Зевс и Деметра, озбилна и строга како и нејзиниот маж со кој ја дели власта во царството на мртвите.

Подземниот свет припаѓа уште и на: Танат (смрт), неговиот брат близнак Хипно (сон), потоа Ерние, грозните ќерќи наНоќта ( трите Ернии: Алекта, Тизифона и Мегара, или само Хеката).

Треба да се спомене и тиглавото куче Кербер, со змиска коса, чувар на подземниот свет. Овчарот Менетиј, кој ги пасе стадата на Хад. Возачот на сплавот Харон, кој ги пренесува душите на покојните преку езерото или реката Ахерона (реката на воздишките).

# Хермес

**Хермес** (старогрчки: ῾Ἑρμῆς) бил бог на уметноста, трговијата и литературата во старогрчката митологија. Тој исто така бил и гласник на боговите.

Во римската митологија негов еквивалент е богот Меркур

# Хестија

**Хестија** (старогрчки: Ἑστία) била божица на срцето во старогрчката митологија

# Хефест

**Хефест** (старогрчки: **Ἥφαιστος** ) бил бог на ковачката вештина во старогрчката митологија.

# Сирени

Сирени се девојки кои живееле на морските острови и со песна ги мамеле морепловците за да ги погубат. Горниот дел на телото им бил како на жените, а долниот им бил покриен со пердуви. Нозете им биле како нозете на птиците.

# Кентаури

Кентаури се суштества со лице и гради на човек и со четири коњски нозе со копита. Тие биле диви и опасни, со исклучок на кентауротХирон, кој бил познат по својата праведност и добрина. Тој бил учител на полубоговите Херакле и Ахил.







# Полубогови

Полубогови во грчката митологија се суштества родени од божество и смртен човек. Меѓу најпознатите полубогови се: Прометеј, Херакле, Ахил, Пандора и многу други. Нивните имиња и по неколку илјади години се познати и се симболи на одредени човечки особини.

Зборот Прометеј е синоним на промисленост и мудрост. На Прометеј му се припишува заслугата дека му донел знаење на човештвото. Познато е дека го украл огнот од боговите и им го дал на луѓето.

Пандора е првата жена на замјата која богот Хефест ја направил од земја и вода. Другите, по наредба на Зевс, ја дарувале со некоја своја особина. Пред да ја доведат на Земјата, ѝ подариле кутија и ја предупредиле никогаш да не ја отвора.

На Земјата се омажила за Епиметеј, брат на Прометеј. Љубопитната Пандора еден ден ја отворила кутијата и од неа во облик на страшни демони, излегле сите зла, кои оттогаш го мачат човештвото. Пандора брзо ја затворила кутијата, а во неа останала надежта како единствена утеха на човештвото.

**Херкул** бил син на Зевс и на смртна жена. Тој е симбол на физичка сила и бестрашност. Уште од најрано детство почнал да прави чудни подвизи. Со своите силни раце бил во состојба да задави лав и дива свиња. Тој го скротил и триглавото куче Кербер, чуварот на Хад (подземниот свет на мртвите).

**Херакле** (латински: *Heracles, Hercules*, 327–309 гг. до н. э.) — син на македонскиот цар Александар Велики од неговата љубовница Барсина.

Мајката на Херакле, Барсина, потекнува од познат персијски род, нејзиниот татко е Артабаз. Ја омажиле за гркот Ментор, кој командувал

со персијските војски на Запад, а после неговата смрт таа повторно се омажила и тоа за братот на покојниот маж, Мемнон.

Мемнон војувал со Александар Велики, кога тие се подготвувале кон Азија во 334 до н. э., и за да не пребегне кон македонскиот цар, неговата жена Барсина го држела во дворецот персијскиот цар Дариј.

Во 333 до н. е. Мемнон умира, во таа година е битката кај Иса, каде Дариј претрпел целосен пораз и избегал. Дел од неговиот дворец, вклучувајќи ја и Барсина, бил завојуван во Дамаск како воен трофеј. Барсина имала околу 30 години, таа била убава и Александар, кој воопшто не бил рамнодушен кон жените, ја зел како залог.

Во 327 до н. е. Барсина на возраст од 36 год. го родила Херакле, првото дете на Александар, самата таа имала деца од првиот маж. После женидбата на Александар со бактријската кнегиња Роксана, мајката го повела Херакле во Пергам, каде тие мирно живееле заедно сѐ до смртта на Александар во 323 п. н. е.

За незаконитиот син на Александар Македонски се спомнува во времет на барање нов цар, кој должен е да има царска крв и да е од машки род. Јустин пишува, дека командирот на фалангата Мелеагр предложил : «…ако тие [полководците] сакаат момче, тој е во Пергам и е син на Александар од Барсина, по име Херакл, или, ако тие предпочитаат маж, го има во кампот Ардеа (Сбтцко), брат на Александар». Предлогот за Херакле не поминал, и Барсина со синот спокојно продолжиле да живеат во Пергам до 309 до н. э. Во 309 до н. э. после роскошниот банкет Херакле и неговата мајка ги удавиле по наредба на Полиперхон.

**Ахил**, **Ахилеј** или **Ахилес** (гр. Ἀχιλλεύς) во грчката митологија син на кралот Пелеј и на божицата Тетида, главен јунак во Илијадата и, воедно, најголем грчки јунак.

Претставен е како слика на отприлика совршен човек. Тој верува во чест, не лаже, и убива само кога е во опасност.

Неизмерната сила се крие во неговата слаба точка (ахиловата пета) за што зборува легендата дека неговата мајка кога го родила го фатила за петтата и го потопила во реката, единствено место каде водата не допрела била неговата пета, а воедно и единствениот ранлив дел кој принцот Парис случајно ќе го открие и ке ја заврши легендата за Ахил.

# Нимфи

Нимфи се убави женски божества кои живееле во природата. Постоеле нимфи на планините, на реките, на шумите, на изворите и на дрвјата.

  

Најпознатата нимфа била Ехо. Според митот за неа, таа била казнета од божицата Хера поради нејзиното лукавство. Ехо ја занимавала Хера со многу разговори, сè со цел да му овозможи на Зевс да им се додворува на другите нимфи. Кога Хера го открила тоа, ја казнила никогаш да не проговори, туку само да ги повторува звуците што ке ги слушне.



Нејзиното име Ехо и денес го означува поимот одглас, што го слушаме кога сме во планините.

Во грчката митологија, **нимфа** е член на голема група на женски идентитети на природата, врзани за одредена локација или во служба на некој бог или божица. Нимфите биле чести мети на завидливите сатири.

Според Валтер Буркет, „Идејата дека реките се богови и изворите божествени нимфи има длабоки корени не само во поезијата, туку и во вербата и ритуалите; обожувањето на овие божества е ограничено само од фактот дека неразделно се идентификуваат со одредена локација.“

Нимфите се персонификации на кретивните и потхранувачки активности на природата, многу често идентификувани со моќта за дарување на живот на изворите. Во грчкиот јазик, зборот νύμφη меѓу другото, значи „невеста“ или „покриена со вел“, односно млада жена за мажење.

Домот на нимфите е на планините и низините, покрај извори и реки, во долини и студени пештери. Тие често се поврзуваат со супериорни божества: ловџиката Артемида; пророкот Аполон; богот на виното Дионис..

Симболичниот брак на нимфата со патријархален водач, често епоним за луѓе, бескрајно се повторува во грчките митови.

# Класификација на нимфите

Различните видови на нимфи понекогаш се разликуваат според различните сфери на природата со кои тие се поврзуваат. Сепак, многу од овие разлики може да не постоеле во некое време туку да се измислени подоцна. Така, следната не е грчка класификација, туку едноставен модерен водич:

- Земјени нимфи
  - Алсеиди (Alseids) (низини, долини)
  - Напеи (Napaeae) (планински долини, долини)
  - Авлонијади (Auloniads) (пасишта)
  - Леимакиди (Leimakids) (ливади)
  - Ореади (Oreads) (планини, пештери)
  - Минти (Minthe) (нане)
  - Хеспериди (Hesperides) (градини)
    - Аегла (Aegle) ("заслепувачка светлина")
    - Аретуса (Arethusa)
    - Еритеја :или Еритеис: (Erytheia или Erytheis)
    - Хесперeја :или Хесперија: (Hesperia или Hespereia)
    - Хеспера :или Хеспира: (Hespera or Hespere)
  - Хамадријади (Hamadryads) (дрвја)
    - Дријади (Dryads) (даб)
    - Мелијади (Meliae) (јасен)
    - Левки (Leuce) (бела топола, јасика)
    - Епимелијада (Epimeliad) (јаболково дрво)
- Водни нимфи
  - Хелеади (Helead) (бара)
  - Океаниди (Oceanids) (било каква вода, обично солена)
  - Нереиди (Nereids) (Средоземно Море)
  - Најади (Naiads) (обично слатка вода)
    - Кринаи (Crinaeae) (извори)
    - Лимнади :или Лимнатиди: (Limnades или Limnatides) (езера)

        - Пегаи (Pegaeae) (врутоци)
        - Потамеиди (Potameides) (реки)
        - Елејономеи (Eleionomae) (мочуришта)
- Дрвјени нимфи
    - "Коријтски Нимфи" (Corycian Nymphs) (Класични Музи)
    - Лампади (Lampades) (подземје). [4]

[4] „http://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9D%D0%B8%D0%BC%D1%84%D0%B0

# Музи

Музи (*гр.* Μουσαι) се ќерки на врховниот грчки бог Зевс и Мемносина, божица на поезијата, уметноста и науката. Ги има девет, а нивните имиња и особености се:

1. **Талија** (Θάλεια [Thália]) – муза на комедијата (комична маска)
2. **Уранија** (Ούρανια [Úrania]) – муза на астрономијата (глобус)
3. **Мелпомена** (Μελπομένη [Melpoméni]) – муза на трагедијата (трагична маска)
4. **Полихимнија** (Πολύμνια [Polímnia]) – муза на религиската и озбилна поезија (без атрибути)
5. **Ерато** (Ἔρατώ [Erató]) – муза на љубавната лирика (инструмент со жица)
6. **Калиопа** (Καλλιόπη [Kallióрі]) – муза на епското песништво (книга)
7. **Клио** (Κλειώ [Klió]) – муза на историјата (книга)
8. **Еутерпа** (Ευτέρπη [Evtérpi]) – муза на музичката уметност (близнак)
9. **Терпсихора** (Τερψιχόρη [Terpsihóri]) – муза на играчките вештини и хорско пеење (лира)

Постои верување дека кој ги спомене имињата на музите по овој редослед не може да згреши, затоа што почетните букви на имињата на латински по овој редослед, даваат израз:

*Тum Peccet* што значи „нека греши“ или „тогаш нека греши“.

# Талија

**Талија** (гр: Θάλεια, од θάλλεω – да цвета) таа е една од деветте музи, заштитник на комедијата.

Знак за препознавање и е комичната маска, венецот од бршлен и овчарскиот стап. Како и сите музи, ќерка е на Зевс и Мнемнозина. Со Аполон како потомци ги имале Корибантите.

Во поново време Талија претставува и заштитник на театарот.



# Уранија

**Уранија** во грчката митологија била муза заштитник на астрономијата и астрологијата. Нејзиното име значи „небесна“ и ни е претставена како со палка ни покажува глобус.

Предвидува иднина гледајќи ја положбата на звездите, па затоа ја сметаат и како заштитник на астрологијата.



# Мелпомена

**Мелпомена** во грчката митологија била муза заштитник на трагедијата. Нејзиното име потекнува од грчките зборови melpein, што значи " да пееш".

Представена е со бршленов венец околу главата, а во рацете држи скиптар и бодеж прекриен со крв. Секогаш е со трагична маска на лицето.



# Калиопа

**Калиопа** во грчката митологија е една од деветте музи заштитнчка на епското песништво, филозофијата и реториката. Била во брак со краот Еагр на кој му го родила Орфеј.



# Полихимнија

**Полихимнија** (англ. *Polyhymnia*) во грчката митологијиа била муза заштитник на светите песни, реторики и геометрија. Ја измислила лирата. Нејзиното име потикнува од грчките зборови poly и hymnos, што значи "онаа со многу химни (песни)".

Представена е со круна од цвеќе или перли, обучена во бело, со жезол во рака. Секогаш има замислен израз на лицето.

На писателите им дарува дела кои им обезбедуваат бесмртна слава. Според некои е дури и муза на  медитацијата и земјоделството. Често е прекриена со вел.



# Ерато

**Ерато** (грч. *Ератô*) (лат. *Erato*) е Зевсова и Мнемозинина керка. Една е од деветте музи, а заштитник е на лириката, посебно на љубовните песни.

Нејзиното име (грч. *Ератô*) значи „*убава*“.



Во грчката митологија Ерато е прикажувана со лира во раката или со китара, која ја има самата измислено, а често имала и венец од мирте или од ружи на главата.

Ја прикажуваат и со два голуба кои се под неа, на земјата, клукајќи семки.

Таа е заштитник на љубовните песни, често ја прикажуваат и како држи златна стрела за да потсетува на Ерос – чуството кое сите не возвишува и љубовта која штити, па, поради тоа, често е прикажана заедно со богот Ерос.

Ерато имала само еден син, Азан, татко му се викал Аркад, син на Калистин.

# Клио

**Клио** (гр. Κλειώ, лат. Klió) во грчката митологија била муза заштитничка на историјата. Нејзиното име значи "гласник". Претставена е со ловоров венц на главата; со труба во едната и полуотворен свиток хартија во другата рака. Често може да се види и со книга. Како и останатите музи и таа е ќерка на врховниот грчког бог, Зевс, и Мнемосина, богиња на поезијата, уметноста и науката. Клио со Пир, кралот на Македонија, имала и син Хијацин.



# Еутерпа

**Еутерпа** (грч. *Ευτέρπη*, лат. *Euterpe*, изговор: старогрчки "еутерпе", новогрчки "ефтерпи") е Зевсова и Мнемозинина ќерка, една е од деветте Музи. Заштитничка е на музиката, а кога станала и заштитничка на лирската поезија обично е прикажувана со аулос.



Името на Еутерпа доаѓа од грчкиот збор **Еу** = *"добро"* и **τέρπεω** = *"да се задоволиш"*, а споениот збор **Ευτέρπη** значи *"онаа која сака, обожава, развеселува, задоволува"*.

На Еутерпи и се припишува изумот *аулос* дувачки инструмент сличен на данашната обоа, иаку поголем број митографи мислат дека *аулосот* го измислил сатирот Марсиј од Фригија, несреќниот такмичар во свирање со богот Аполон.

Речниот бог Стримон ја оплодил Еутерпа и таа го родила синот Рес кого го покасно, според Хомеровата *Илијада* го убива Диомед во Тројанската војна.

## Терпсихора

**Терпсихора** во грчката митологија била муза заштитничка на танцот. Нејзиното име значи "онаа која сака да игра". Претставена е како прекриена со венец од цвеќиња, како игра и свири харфа.



# ЗАКЛУЧОК

Грчката религија има многу големо влијание во врска со сваќањата кај разни народи кои го населувале Медитеранот и крајбрежјето на Црно Море, а посебно тие кои живееле на Апенинскиот полуостров.

Како што христијанството станувало една од доминантните религии многу ликови од грчката митологија се појавувале како важни причинители за таа религија, односно светители.

Вака големото влијание на грчката религија се објаснува со нејзиниот недогматизам и хуманизам, но и со својство дека можела да ги асимилира тугите религии.

Грчката религија може да се реконструира на основ на три вида на извори:

- Литературни
- Митографско – историски и
- Археолошки

Литературата претставува најдобар извор. Сите извори, од Хомер па сè до Јулијан Апостат, содржат митолошки и религиски компоненти. Археолошките истражувања имат овозможено до најмал детал да ни ги претстават светилиштата и предметите кои се користени во обредите, а и грчката ликовна уметност е претежно во врска со религијата и митовите.

Благодарение на сето ова, проучени се дури и локалните култови и верувања, но не и тајните, мистични култови, затоа што учесниците во нив биле обврзани на молчење.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Auerbach Erich, *Odisejev ožiljak* u *Mimeza*, Zagreb 2004
2. Батаклиев Георги, *Антична митология,* Софиа, 1992
3. Богданов Богдан, *История на старогръцката култура,* Софиа 1989
4. Богданов Богдан, *Литературата на елинизма,* Софиа 1999
5. Богданов Богдан, *Литература за 9 клас (задолжителна подготовка),* Софиа 2001
6. Богданов Богдан, *Литература за 9 клас (профилирана подготовка),* Софиа 2001
7. Burkert Walter, *Greek Religion*, 1985.
8. Василева Кети, *Литература за 9 клас (Книга за учителя),* Софиа 2001
9. Гилевски Паскал, *Грчки митови, избор, превод и адаптација од грчки оригинал*, Скопје, 2002
10. Graves Robert, *Grčki mitovi*, Zagreb, 2003
11. Гръцка митология, Софиа 1964
12. Доброклонски др. Александар, Историја Хришћанске цркве, Београд 1933
13. Druon Maurice, *The Memoirs of Zeus*, 1964.
14. Dukat Zdeslav, *Homersko pitanje*, Zagreb 1987
15. Edith, Hamilton, *Mythology* (1998 издание). New York, 1942
16. Zamarovski Vojtech, *Junaci antičkih mitova*, Školska knjiga - Zagreb, 1973.
17. Zamarovski V., *Junaci antičkih mitova*, *Leksikon grčke i rimske mitologije*, Zagreb 1985
18. Zuntz Günther, *Persephone: Three Essays on Religion and Thought in Magna Graecia*, 1973
19. Јосић А. др Радивој, Месијанска идеја код културних народа пре Христа, Београд 1931
20. Кацарска Красимира, *Учебно помагало по античка литература за 9 клас*, Благоевград 2006

21. Kerényi Károly, *The Gods of the Greeks*, New York/London, 1951
22. Kerényi Károly, *Eleusis, Archetypal Image of Mother and Daughter*, 1967
23. Cook, Arthur Bernard, *Zeus: A Study in Ancient Religion*, New York, 1964
24. Lesky Albin, *Povijest grčke književnosti,* Zagreb 2001
25. Mavromataki, Maria - Mitología Griega - Ediciones XAITALI 1997
26. Меизис. Д., История религий, *Очеркъ нервобитиихь върований и характеръ великихъ религиознихъ систем,* Перводъ съ англиски М. Чениискοй, С.Петербургъ, 1905
27. Милин др. Лазар, *научно оправдање религије Апологетика, књига 2 Историје религије епархија Жичка,*Краљево 1986
28. Митревски проф.прот. Трајан, *Православна христијанска апологетика, (религијата и нејзиното оправдување),* Скопје 1983
29. Николова Д. *От расказа към мита,* София 1997
30. Пареита Милош, Апологетика, Сремски Карловци, 1927
31. Поповић Јевсевије, Општа историја Хришћанске цркве, превел др Мојсије Стојков, Сремски Карловци, 1912
32. Sironić Milivoj, *Rasprave o helenskoj književnosti*, Zagreb 1995
33. Stafford Emma J, *Stara Grčka* 2004
34. Farnell Lewis Richard, *The Cults of the Greek States*, 1906
35. Hamilton Edith, „Mythology“, New York 1942 издани од 1998
36. Cermanović-Kuzmanović, A. *Leksikon religija i mitova. Savremena administracija.* Beograd. 1992
37. Đurić N.Miloš, *Istorija helenske etike*
38. Џурџевич – Стојакович Билјана, *верске секте и покрети, лексикон,* Београд 1993
39. Koterel Artur i Storm Rejčel, *Sveobuhvatna enciklopedija mitologije*
40. Hellas, Article: Greek Mythology“. *Encyclopaedia The Helios*, 1952
41. „Свезнање“, Општи енциклопедиски лексикон, Београд 1937
42. http://mk.wikipedia.org/wiki/